Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА



# ЗАРОБЕНИЦИ НА МОЛКОТ

ѓурѓа

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

# ЗАРОБЕНИЦИ НА МОЛКОТ

Издавач: ТНИД „Ѓурѓа“ – Скопје
Улица „Ленинова“ 74 а 1/1
Телефон/факс ++389 2/ 32 28 076
e-mail: office@mojakniga.com.mk
www.mojakniga.com.mk
www.prodaynicanatajni.blog.mk
Facebook: ЃУРЃА ИЗДАВАЧКА КУЌА

*Основач*: Никола Костески, 1987

*Библиотека*: Ризница

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА
ЗАРОБЕНИЦИ НА МОЛКОТ

Прво издание

*Директор и главен уредник*: Ѓурѓица КОСТЕСКА-АНДОНОВА
*Одговорен уредник*: Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА
*Ликовно и техничко уредување:*
Студио за ликовен и графички дизајн „Ѓурѓа“
*Уредник:* Предраг АНДОНОВ
*Ликовен уредник*: Љупчо ЈАКИМОСКИ-КУМ
*Систем-инженер и администратор:* Климент ПЕТРЕСКИ
*Јазична и стилска подготовка*:
Студио „Ѓурѓа“, Права и преводи
*Уредник:* Олга КОСТЕСКА

Печатено во Македонија
МАКПРОМЕТ – Штип

ISBN 978-608-201-089-2

## *Содржина*

### *ДЕВОЈКА ОД ЈУГОТ*

Крст .......... 9
Чекор .......... 10
Бегство .......... 11
Богови .......... 12
Чекаме .......... 13
Квадратчето што недостига .......... 14
Чудовиштата од моето детство .......... 17
Селско-градска девојка .......... 19
Фарса .......... 21
Марка .......... 23
Рози .......... 25
Адам ја носи пролетта .......... 26
Најдобрата мајa .......... 27
Повтеж .......... 28
Отклучување на копнежот .......... 29
Посестрима на Шекспира .......... 30
Чекање бура .......... 32
Без епитети, молам! .......... 33
Искејп .......... 35
Девојка од Југот .......... 36
Илузија .......... 38

### *ЗАКЛУЧЕНА*

Факти .......... 43
Корначи .......... 45
Равенка .......... 47
Магија .......... 48
Чекачи .......... 49
Доаѓање на љубовта .......... 50
Свои .......... 51
Вреди ли? .......... 52
Мечкина крв .......... 53
Непомирена .......... 54

Пишано ........................................................ 55
Раскрепостување .......................................... 56
Платонска ................................................... 58
Заклучена .................................................... 60
Забранетото ................................................ 61
(Не)Верност ................................................ 62
Едно ............................................................. 63
Виор .............................................................. 65
Глумење лудило ........................................... 66
Машка кукла ................................................ 68
Кавга ............................................................. 69
Реприза ......................................................... 70
Распродажба ................................................. 71

***БУДЕЊЕ НА ДЕЦАТА***

Едра ............................................................. 75
Непростено .................................................. 77
Будење на децата ......................................... 78
Јуда ............................................................... 79
Лавиринт ...................................................... 81
Студена осама ............................................... 82
Ослободување на солзите ............................. 84
Патишта ....................................................... 85
Песок ............................................................. 86
Заробеници на молкот .................................. 87
Големата отсутност ...................................... 88
Човек ............................................................. 89
Грчбаби ........................................................ 91
Еве ме ........................................................... 92
Виртуелна .................................................... 93
Грешка во гените .......................................... 95
Нурнување ................................................... 96
Пепел ............................................................ 97
Новото .......................................................... 98
Нов мезозоик ................................................ 100
Од перспектива на еден Адамов потомок....... 101
Полуден сон ................................................. 103

***ДЕВОЈКА ОД ЈУГОТ***

## ***Крст***

Сите го носиме
во сопствена верзија
на челата –
со издолжен долен или горен дел
со широки или тесни краци,
дрвен или метален,
златен или ремек-дело
на бижутеријата.
Не се важни големината
обликот или изработката.
И без тоа значењето
речиси секогаш останува
во втор план.

Проколнати пушачи
Проколнати стари моми
Проколнати поети.

Секој со својот дизајн
над веѓите.

## *Чекор*

Никогаш не сме сами.
Дури и кога ветрот е ослободен
од мирисот на човек
секогаш е тука
Присуството.

Како предупредување
како закана
или сопствена запретана совест.

А толку малку ни треба!
На чекор сме
до себе.

## *Бегство*

Од себе да побегнеме
можеме само за миг
кога ќе дувне благ повев од Југот
и ќе го смекне мразот
што ни ги држи нозете
оковани.

Но каде да се појде
во тој луд миг
кога кожата набабрува
од копнежи?

Небото распукало –
мами
Земјата зинала –
вие.

Дури да решиш
кој пат да го фатиш,
ти поминал мигот
за бегство од себе.

### *Богови*

Стоиме сами
секој на својот крај од приказната.
Ниту движење меѓу нас
да ја пресече празнината
ниту збор да ја пополни тишината.
Како се случи да ги изгубиме
патеките еден кон друг
се чудам денес
застаната спроти Другата.

Премногу обземени од секојдневието
заборавивме да го живееме
животот.
А не беше толку одамна –
наивно му поверувавме на Фром
дека ќе бидеме како богови.

Мора да дошло до спој
некаде во космогонијата.

## ***Чекаме***

Постојано
сме тука некаде
меѓу горчилата и радостите
на секојдневието
и обично се подразминуваме
по неколку сезони
што ни истекуваат од векот
како жито од дупната вреќа.

Кутрите
зјаат меѓу нас со тажни очи
и пекаат
да им ја залечиме празнината.

А ние
сме се стутулиле
секој во својата черупка
и чекаме

Тој
да ни го покаже
Патот.

## *Квадратчето што недостига*

Во ова чудно време невреме
се шири кругот на познајници
а двете раце многу се
за да се наредат на нив
пријателите.
Некогаш
Македонија мала ни беше
а сега се групираме
во разни форуми и клубови
и контактираме
со мобилни и мејлови.
Одненадеж
се фаќам дека сум заборавила
каква боја имаа очите на Горде
и дали левата единица на Боби
имаше пожолтена коронка.
Трајче денес може да ми испрати
уште сто жолти насмеани човечиња
во своето компјутерско писмо
но ниту едно нема да се насмее
со неговиот глас
на кој му ја заборавам бојата.

И попладневното кафе со комшиите
и ручекот кај роднините
се веќе заборавени именки
исто како кутрата спонтаност.

Денес во мода е да се *најавиш*
а најомиленото друштво
ни се телевизорите и Интернетот –
ненаметливи и згодни за (зло)употреба
секогаш се тука
дури и кога не ни требаат
и не плачат кога ќе ги напуштиме.
Што е уште подобро –
не мораме да им погледнеме в очи
и да им кажеме некоја лага или утеха.

Така
додека просторот набабрува
од нови болести и зависности
децата и родителите
одеднаш сфаќаат
затекнати
дека дишат ист воздух
а зборуваат различни јазици
И (каква штета!)
не можат никого од славните
да обвинат за тоа.

Гледам и се чудам
како сум заталкала овде.
Јас требаше да живеам
на некоја друга планета.
Малиот Принц требаше да ми биде сосед
а Петар Пан и Венди најдобри пријатели
кои ми носат поздрави
од Врапчињата на Радичков.

Душата ми е сѐ уште бело глуварче
прфнато над зелените ливади на Бориево
и залудено од црцорот на штурците.
Седам зад воланот
занемена пред преполниот паркинг
и никако не можам да го здогледам
квадратчето што ми недостига
за да ја пополнам сложувалката.

Место нема, по обичај.
Но сѐ појасно
го слушам како надоаѓа
роморот на благодатниот дождец
и црцорот на првите ластовици
пркнати под татковата стреа.

Утре
Сонцето ќе изгрее
од Југ.

## *Чудовиштата од моето детство*

Деновиве
повторно се дружам
со чудовиштата од моето детство.
Сè уште се озрачени
од правта на вековите
и имаат сронета ѕвездовина на челата
Но гледам дека и тие малку се смениле.
Годините им ги стежнале снагите
и им ги смекнале цртите на лицата.
За разлика од мене
сè уште ги имаат жарчето во црнките
и палавото перче на тилот.
Тие сè уште не се до толку будалести
за да драматизираат
поради некаквиси згаснати чувства
или повредени суети.
Што е уште поважно
не прават да си ја гризам совеста
и не очекуваат да им се извинам
што проживеав толку години без нив.
Сфаќаат –
понекогаш животот знае да биде и здодевен
од спокојот што предолго трае.

Како да читале во меѓувреме
по нешто од Фројд, од Јунг
и од другите негови ученици

Сега се трудат да ме оправдаат
во (само)заборавеноста
за да ме ослободат од товарот на вината
во остатокот од мојот живот.

Да, велат, презафатени бевме
Требаше да се населат
толку нови светови
Да се збогатат
толку детски фантазии!
Но не те заборавивме
и често ти праќавме поздрави
преку твојата Книга за сонот.

Деновиве
повторно се дружам
со сите чуда и чудовишта
од моето детство.
По толку години
на лични и општествени транзиции
денес и стравот веќе не е она што беше.
Со секој згаснат ден
угинува и по една морница
од возбудата.

Принудена сум да барам
алтернативна тревка
за да ја зачинам
едноличната блуткавост
на животот.

## *Селско-градска девојка*

Во најтемниот дел од дворот
ги запретувам
умрените делови од мојата душа
и кришум му се молам на Бога
за прошка.
Понекогаш и на Ѓаволот
барајќи праведна казна
за неправедниците.

Како што бодинаат годините
гинам секој ден по малку
се топам
се смалувам.
Најпримерна би била споредбата
со снегот соочен
со првата пролетнина,
но мене на ум ми доаѓа
една друга слика, претпотопска:

мајка ми
градска девојка а млада селска невеста
застанала пред легенот со тесто
и кубе од него парчиња за *пупи*
со кои ќе ги наполни
двете најголеми тепсии
за да ја нарани фамилијата.

Уште ни во мислите
не сум ѝ била зачната
но дотука ја мирисам топлината
на крцкавата корка
и вкусот достоен за Гинис.

На што спаднав!?
Да лижам прсти
од пиците на Дал Фуфо!

### *Фарса*

Од стариот бунар
предолго вода не сум извадила.
Се пограѓанчив
и многу поедноставно ми е
само да ја одвртам славината.
Денес, како што сакале наречниците,
се потам вртkajќи се околу него
со благи зборови
што го криjат горчилото во душата.

Запечената тиња
не му се препушта лесно
на поразот.
Поитра е од мене и за инает
– како да ми враќа стар долг –
не ми дозволува да си го видам
одразот во водата.

Лута пцовка
ми стои закачена во грклaнот.
За нов бунар немам доволно сили.
Капната сум
од убедувања и од самосвесни утехи.
Презаситена
од банални егзистенцијализми.

Се изгубив некаде низ децениите
грабајќи се да фатам чекор
со женската еманципација
и со современоста.
Којзнае дали и испишаните страници
ќе ѝ значат нешто на иднината?

Сѐ ти било фарса!
Особено кога ќе сфатиш
дека коренот не се сели со тебе
низ градовите
низ становите
низ врските, љубовите
неверите
и верите.
Таму се подзапретал
овде не може да го пробие
асфалтот.

Остануваш да лебдиш
ни ваму ни таму,
некаде на средина
во Никадето.

## ***Марка***

Како да ја погледнам
утре
в лице Неа
од другата страна на огледалото
додека ѕури во мојот грев
со светнати очи?
Ќе можам ли да го оправдам
забранетото
што за неа беше
само игра
за надитрување на монотонијата?

Палаво
како ждребе нескротено
со еден замав
ги скрши сите синџири
во кои чмаеше заклучено
моето срце
Во еден здив ги прелета
сите седум гори
и седум морињa
и ме вивна угоре
на седмото небо.

И потоа –
како ништо да не било –
си се врати на старото
со задоволена суета.

Господ ми е сведок –
не сакав да избегам
од Себеси.
Премногу е болно
да се преполовиш
во очекување дека капка љубов
може повторно да те состави.

Залудно.
Може само одново да те залепи
како поштенска марка
од десет денари
на белиот плик.

## *Рози*

Џентлменството
е одамна мртво,
Денес дури ни розите
не се она што некогаш беа –
Восхитуваат само оддалеку,
бојата им е анемична,
а мирисот се изгубил некаде
во лавиринтите на модифицирањето.
Затоа
немој воопшто да се трудиш
да ми ласкаш
да ме освојуваш
и што ли уште не со нив.

Кажи што имаш да ми кажеш
со наједноставни зборови
и оди си
штом си решил да се криеш
зад розите.

Колку да знаеш –
и чувствата се категорија
подложна на промени.

## *Адам ја носи ӣролеӣӣа*

Ми застанал Адам
во јаболкото среде
и спие со зимски сон.

Разбуди се, Адаме!
Надвор бликнала сончевина
црцорат птиците
и бујат тревите
во татковиот двор.
Те чекаат, Адаме
да им влезеш распојасан
со косата
и да им ја вкусиш сладоста горчлива
во коренот.
Па така опиен
да ми кацнеш на прагот
со бело ливче од цвет сливов
застанат во косите –

да ми ја донесеш пролетта.

## ***Најдобрата маја***

Понекогаш
едно зборче малендаво
доволно е да ми ги наполни вените со мед
и да ме одлепи од црницата.
Тогаш птиците ми се сестри,
а облаците браќа.
Се токмам со орлите
и небото премало е
за моите непоткастрени крилја.

Прости ми, оче мој благодушен,
знам дека себичноста е корен на сите зла,
а возгордеаноста е ’рѓа најголема.
Баба Танка велеше дека
фалената чорба кисела излегува.
Овојпат ќе го заборавам оцетот
алкохолен
вински
јаболков
природен од капини
ферментиран од вино скиселено
зачинет со рузмарин и феферонки
ваков и таков.

Најдобрата маја е во душата.

## ***Повтеж***

Соновниците
дефинитивно не ги погодуваат
значењата на моите мечти.
Само јас си знам
што значи фуријата во мојата глава.

Од каде да црпнам
ронка храброст
две сила
за да ја прескокнам
тенката линија
на оваа квазиреалност?
Тоа никој не може да ми го каже.
Најмалку мојата ученост.
Најмногу твојата насмевка.

Она што ми е сега иктиза
ми се измолкнува низ деновите
изгубени во скопските магли.

Само да повтам...
Желбата не е доволна.

### ***Отклучување на копнежот***

Колку и да се инаетам со ѓаволот
од себе да се скријам
не ќе успеам.
После темните ноќи
што накреваат лелеци
по детството заробено во Бориево
ќе остане само јанѕа во душата
и брчката над десната веѓа
ќе се продлабочи.

Пак ми се ронат силите
Пак се вкопувам вземи
и се вчипчувам за минатото
срамно исплашена
од илјадниците прашања
сенишно исклештени пред мене.
Не повтувам ни да ја подадам раката
за да го ослободам копнежот
заклучен некаде во градите.

А колку е едноставно...

## *Посестрима на Шекспира*

По којзнае кој пат
си се продерувам
молкома
стискајќи ги испотените
дланки-предавнички
скриени во џебовите:
*По ѓаволите,*
*вака повеќе не може!*

Не забележувај ми, пријателе
за моите чести цитирања
на твоите парчиња живот,
но никој како тебе
не ја погодил суштината
на мојата ранливост
во немоќта.

Ти го растураш сојузот со убавината
јас би сакала да се збогувам
со патријархалноста.
Додека ги трошам деновите
во непотребни подготовки, знам:
ти не успеа во намерата.

Дали јас ќе ја најдам
барем средината?

Да го зачувам достоинството на жена
а да ја грабнам стрвно љубовта
што Господ ми ја нуди
можеби за последен пат
пред Големото патување кај Него.

Во зората
твоите стихови заминуваат
немо
со убавината.
Јас треба сама да пресечам
и по којзнае кој пат
да му станам
посестрима на Шекспира.

## *Чекање бура*

За жал, и трпението
како и сè друго во животот
е (по)трошна работа.
На големите примери од историјата
можам само да им се восхитувам
но не и да ги следам.
Прости ми, Исусе, сега сум во фаза
кога вистината сама извира од мене.
И ми се чини дека никогаш
не сум била посаркастична.

*Извинеше,* ѝ велам одвисоко
на продавачката во големиот маркет
*на која полица ви сшои шрйениешо?*
*Оф,* вели таа подготвено, *одамна заврши!*
*Па зошшо не нарачаше нови количини?*
*Порачано! Дисшрибушерише*
*не можаш да йосшигнаш!*
Жими Бориево,
дијалогот е сосема вистински.

За жал
и ноќва ќе легнам нетрпелива,
надевајќи се на страсна бура.

А утре...
Утре можеби ќе заврне.

### ***Без епитети, молам!***

Ве молам
доста со вашите епитети!
Јас не сум стока
за широка потрошувачка.

Пред петнаесет години
му се ветив
на Еден претставник
на вашиот род
Се потпишав дури и пред матичарот,
а пред Бога само во своето срце.

Затоа
Подалеку од мене со острите нокти
под кои ве издава вчерашната кал.
Доволно созреав за да прифаќам
слатки зборови
и ветувања возвишени
небаре балони
избегани од детски роденден.

Мојата душа гледа низ вас
и ги шири високо крилјата
за ко сончево копје на заода
да се спушти меко
врз лицето на Вардар.

Тука
во неговите сребрени коси
трепери мојот сон
подзадреман слатко
од пролетната малаксаност.

Врз меката трева
на брегот речен
го свиткувам своето уморно крило
за да збере сили
пред повторно да ги распнам едрата.

## *Искејп*

Во невидена експлозија
уште од времето
на Хирошима и Нагасаки
гламјосуваат сите кабли
што до вчера ме поврзуваа
со моето Јаство.
Од денес почнува нова ера
со некоја друга девојка
што ќе ја игра мојата улога.
Јас веќе не сум јас.
Некој
(замислете – без мое знаење!)
ми ја сменил дури и лозинката.
Овие измешани податоци
ги збунуваат сите мои чипови
и ги прават најобични бумбари
збудалени од летната жештина.
Меморијата ми се поматува,
системот ми се разнебитува.
Колку било лесно да се потоне
во безличноста!
Денес
дури ни техниката не е имуна на неа.

Додека да трепнеш –
веќе си шат даун.

Тука искејпот не помага.

## *Девојка од Југот*

Јас сум девојка од Југот
Мене можеш лесно да ме излажеш
со шарена прелагалка.
Дете сум кое му се љубува на светот
застанато зад нечистото стакло
на есенскиот ден.
Не мислам на вчера,
заборавам на утре
штом ќе ја гушнам перницата.
Сè што сакам треба сега да го имам
на дланката.
Премногу е долг денот
за да го стигне мојата мисла.

Да, лесно можеш да ме измамиш.
Само додај блажина во гласот
и не втирувај ми се во црнките.
Следи ја патеката
по која ќе се вратат птиците од Југ
трагата на последното виножито
или итаницата на блиската улица –
сеедно што,
само не моите очи.

Јас имам зеници урокливи
што можат да го видат и она
што е скриено од тебе.

Јас сум потомок на големите зачетници
на родот
и предок на сите ѕвездочатци.
Во мене вријат гените на Бориево
измешани со дивиот нагон
на Црниот континент
и со сите маѓепсани предели
во светот.

Но можеш лесно да ме прелажеш
зашто дете сум што му се љубува на светот,
девојка од Југот сум
со ветар во косите
и оган во нозете.
Само не гледај ме во очите
додека ми зборуваш
и особено не додека ме љубиш.

Понекогаш
човек мора да ги спушти
трепките
за да ја сети
југовината во себе.

## *Илузија*

За неколку
месеци
години
векови
ќе заличиш на моите цвеќиња
обесени по ѕидовите
во старата куќа
во Бориево.
На кутрите мои суви
пресувани цветови
стиснати во рамката
задушени под парчето стакло,
копнежливи за ронка повев
и за зрак сончев болскот!

Ќе се мачам да ги доловам
цртите на твојот лик
бојата на образите
аголот на брадата.
Дали перчето ти беше паднато
над левото или над десното око,
ќе се прашувам.
Исто како што заборавам
каква беше бојата на латиците
и мирисот на толчникот
во мигот на злосторството.

Ние
Земјаните
се тешиме
дека ни љубовта ни убавината
не се вечни.
Само илузијата
дека можеме да го заробиме времето
меѓу парче врамено стакло.

*ЗАКЛУЧЕНА*

## ***Факти***

Кој тоа имаше речено
дека нема факти?
Ниче или некој друг од филозофите
сега е толку споредно.
Навистина сè е само
интерпретација на купишта факти
тазе или бајати, сеедно.
Во овој миг душата ми ја разјадува
само еден од нив –
дека нивното толкување
од мој
и од твој агол
се лелеат во различни галаксии.

Колку е мал светот во суштина
но тие нема никогаш да се сретнат
никаде.
Ќе се разминат дури и при втората
Голема експлозија.

Огновити ѕвезди и опашести метеори
ќе летаат наоколу во хаос
и магливи облаци прашина
ќе прават проѕирки во својата срцевина
само за нив.

А тие двете
дури и да се сретнат
зачаурени во своите мали вистини
ќе се устремат на различни страни
и ќе станат творци
на два совршено нови
и апсолутно различни светови
оддалечени со милијарди
светлосни години...

И каква полза од филозофирање
за фактите?!

## ***Корначи***

Додека надвор
Галопира глобализацијата
Ние
во својот мал затворен свет
Накострешени
(само)заборавени
очајни
со товар во душите
и со засукани ракави –

корнеме
предрасуди.

Машка доминација
јалова женска еманципација
ќотекот од рајот излегол
и слични бисери
на овој дел од светот
кои удобно си се загнездиле
во некогашното петвековно.

Душите
– како и во толку други работи –
остануваат второстепени.
Овде поважно е она што се гледа.

Измети пред вратата
а зад неа пајажините можат да останат –
скриени и од погледот
и од совеста.

Болестите почнуваат кога бројот на чевлите
ќе го надмине бројот на годините,
рече мудро еден пријател.
Се инаетиме со нив
и го плукаме горчливото апче.

Предрасудите
ни се залепиле за кожата.

## ***Равенка***

Љубовни
триаголници
и многуаголници.
Љубовни
равенки
со две и повеќе непознати.

Вистински хаос
во оваа масовна појава
наречена живот.

Всушност
ништо ново под сонцето
но мене никогаш
не ми одела математиката.
Затоа и ноќва
сама ќе го пречекам
изгревот на месечината
за да се ободрам
пиејќи од нејзината
студена осама.

Утре можеби ќе успеам
да ја решам равенката.

## *Магија*

Шепотеа
дека сум те маѓепсала
со лоши треви
и блудни движења
Ноќта
за сестра закрилничка
ми ја повикуваа
и се фаќаа за своите
метални петлици
кога ќе им го пресечев патот.

А не им дотекнуваше
дека љубовта
е најголемата магија.

## ***Чекачи***

Пролет
Еден човек и една жена
молчат и чекаат промена

Лето
Еден човек и една жена
чекаат главите да им се оладат

Есен
Еден човек и една жена
чекаат дождовите да престанат

Зима
Еден човек и една жена
чекаат да им окопне мразот во срцата

Животот тече
Човекот станал маж во години
Пуштил пивски стомак и бекенбарди
Жената се накитила со брчки и подочници
и ставила малку сало околу колковите

Сеедно
Тие упорно
чекаат.

## *Доаѓање на љубовта*

Никогаш не се знае
кога може да се случи љубовта.
Едноставно, ќе ти дотрча
без да видиш од каде
и ќе те запоседне.
Можеби
не си свежо избањат и избричен
косата ти е малку мрсна
и одамна не си била на депилација.
Таа тоа и го сака!
Ќе те зграби со своите меки канџи
и ќе те стресе
од немирно истопореното
подобелено влакно на темето
до малото ножно прсте.
Сигурно ќе дојде без најава
Ја знам јас неа.
Ќе ти ја пресече ногата во одот
ќе ти ја секне мислата недоиз’ртена
и ќе ти ја збукне
мозолката во срцето.

Остануваш да се мислиш
дали да ја стиснеш
или трпеливо да почекаш
да узрее.

## *Свои*

Како мали деца
што се криjат
зад своjата срамежливост
се пиеме со погледите
заплеткувајќи се
во незначајни зборови
за секојдневни настани
што ќе ги заборавиме уште утре.
По ѓаволите!
Преку глава ми е веќе
од пристојноста!
Господ не нѐ создал
да бидеме несреќни.
Нека одат по матната
сите правила за убаво однесување
и сите воздржани допири
спотаени длабоко во душата!

Ајде конечено
да бидеме свои!

## *Вреди ли?*

Можеби си на педесетина метри од мене
на една од забревтаните улици
во центарот.
Можеби си ми на пет чекори
лево-десно
а се разминуваме во метежот
како да нè делат галаксии.

Што треба да се случи?
Да падне ѕвезда
да се судрат планети
да пропаднат царства?...
Преголема жртва
за една обична работа
за која боговите кревале пехари
а луѓето
богами и војни.

Да можеа да ни кажат
можеби и ќе нè разочaраа.

## *Мечкина крв*

Се надевам на љубов
а добивам само
нагон

светнат во очите
и споулавен
од сладоста
на Мечкината крв.

Колку за утеха
понекогаш
и малкуто значи многу.

## *Нейомирена*

Ти велам
се плашам повеќе од својата јанѕа
отколку од твојот копнеж.
Не е смешно!
Одам од девет месеци
(два чекора напред
еден и пол назад)
а уште не научив
да се помирам со себството.

Ми спиеш
во окото, ми велиш
Во левото.

Добро е
Овие денови сум нешто преморена,
Остави ме таму да се наспијам
и потоа будна
спокојно да го сонувам
сонот за Големата Љубов.

## *Пишано*

Можеби сум ти само
случајна помисла
во деновите заскитани
низ забревтаните улици
во Скопје.
Можеби дури ни името
не ми го паметиш.
За мене си катадневен црв
што ми црта нови брчки по лицето
и ми ги црнее белите дробови
со илузијата за издувано беснило
заедно со тутунскиот чад.
Ќе го дотераме ли
до крај
еден ден
нашиот проблем-неспокој?

Ако ни е пишано,
ќе бидеме заедно.
Ако не
секој по својот пат
кон Господа.

## *Раскрепоступување*

Да живеевме
во времето на Ромео и Јулија
сигурно некој ќе нѐ поканеше
на скараден бал со маски.
Ќе си ги заменевме лицата
со пеперуга и јастреб
петел и кокошка
или што и да е
и ќе заборавевме на лажните срамови
што се гробови на копнежите
и на желбите огновити.
Покриени со илузијата
како-да-е-тој
како-да-е-таа
ќе им дозволевме на испотените дланки
да се допрат
и на очите-клучеви да го најдат патот
до катинарите на душата.

(Да замислиме дека би така.)

Спoулавени
заради долго жедуваната слобода
ќе ги прелетаат вековите
и ќе нѐ втасаат овде
во Македонијава –

реинкарнирани
еманципирани
поначитани
и троа позрели во годините,
но со истиот срам-запир во очите
со неприродната пристојност во рацете
и со старите задршки во зборовите.

Ништо не ти значеле вековите
за раскрепостување
на душата човечка.

## *Платонска*

Застанал Платон меѓу нас
и не мрда.
Му поднамигнувам
Му покажувам со главата
да се помести
Му правам
гримаси и алузии.
Ништо.

Истави се, Платоне
ѝ велам најпосле
на неговата несетеност,
ми треба дланка човечка
да ме згрее.

Ништо.
Расте Платон, расте
и ми ги крие парчињата небо.

Расте и немирот во мене
Се зачнува бура.
Ми ги одвева
старите навики
спокојот во душата
и сонот од клепките.

Не догледувам пристаниште
да ја смирам.

Против кого да се борам?
Против себе
или против Платона?

## *Заклучена*

Само се појавува
мојата сенка
и те погледнува
со аголот на левото око.

Се топиш.

Чувствувам како твојата плот
се лепи по мене како влага.

Ме запоседнуваш
како темницата робот свој.

Нема бегање.

Клучот спие
во стомакот
на алчниот џин.

## ***Забранетото***

Влегуваме во непознатото.
Месечината виси над нас
како срп
немарно закачен на првото дрво
од рацете на уморен жетвар.

Се прелева тишината.
Трепери мракот
во песната на штурците.

Жетварот сè уште спие
под дрвото
со лик на невино дете
и блажено му се насмевнува
на својот сон.

Непознатото
веќе не е
забрането.

## *(Не)Верносѿ*

Ајде
да не зборуваме денес
за верноста.
Премногу неверни томовци
ми дојдоа денес на кафе-муабет
и ме отруја
со својот скептицизам.
Дај да фатиме
некоја полесна тема.
Документите и потписите
остави им ги на заблудените
во догмата.
Сè што сакаш да знаеш
е запишано во водниот хоризонт
на очите
и во линиите на моите дланки
А најмногу во онаа врежана
во коренот на малото прсте.

Едноставно е.
Само не читај го она
што не ти одговара.

## ***Едно***

Овие денови
без причина немееме
за да не го расипеме
величествениот молк
на вселената.

Надвор
белите крилја на зимата
танцуваат оро невидено
уште од детството во Бориево.
Гранки наведнати во свечен наклон
напластена белина
и конечно затрупана нечистотија:

пејзаж како од најдлабокото катче
на човечките мечтаења.

Колку и да звучи изветвено –
заедно со мирисот
на попладневното кафе
се топам во твојата топлината
како што децата надвор
тонат во меката белина
правејќи пеперуги.

Иако телевизорот
сѐ помалку ја врши
својата функција,
со тебе
дури и шпанските серии
добиваат смисла.

По толку години бегање
од себе и од другите
конечно си дојдов дома.

## ***Виор***

Уште не си стигнат
на своето одредиште
чкртнато од судбината
а веќе ми длабиш празнина.

Како јулски припек за дожд
жедувам по твојот виор.
Летото се заборави
заседнато под дебелите сенки
на тополите.
Предолго трае оваа суша.
Испрати ми го својот врел здив
во клунот на галебот
за да ги покрене облаците
со својот крик.
Пушти ми по ветрот бакнеж
за да ги запали молњите
со својата жар.

Па нека удри свети Илија со камшикот,
нека го рашкемби небото.

Да истури дожд
да нè однесе.

## *Глумење лудило*

Подѕирнуваме одвреме навреме
секој од својот совршено
затворен круг
и глумиме лудило.
Јас
од исконскиот женски копнеж
да се допаднам
и делумно поради ѓаволестата насмевка
што ти виси закачена
на левиот агол од усните.
Ти
можеби поради жештината
Само претпоставувам
дека те удрила прецизно
во некоја од мултиплицираните глави
и затоа твоето лудило
изгледа повистинско од моето.

Не се решаваш
да останеш доволно долго
надвор од кругот
за да си поприкажеме.
Освен тоа
ти си горд потомок на својот род.

За тебе жештината е само тема на денот
Ако не престане да го усвитува
твојот круг
ѝ се закануваш дека ќе експлодираш
и со своите хуманоидни течности
ќе ѝ ја нарушиш рамнотежата
што ја градела со векови.

Совршен пример
на филантропија.

## *Машка кукла*

Ми личиш на навиена играчка
со програмиран фонд на зборови.
Бескорисно ја трошиш енергијата
отворајќи ја устата
побрзо од вртењето на клучот,
Затоа не можам да разберам
што сакаш да кажеш
И прв пат гледам машка кукла да плаче!

Задржи ги стаклените зрнца
што капат од твоите очи
Ти си кукла
машка кукла на навивање
што треба да го зборува
само она што било
моментна волја на конструкторот.

А јас
во последното големо чистење
сум го затурила некаде
клучот за навивање.

## ***Кавга***

Затворен во својата лушпа
со привиден спокој,
светот спие.
Шшш! Не викај!
Ветриштата
што извираат од твојот глас
можат да родат космичка бура.
Мразот што се плоди од твоите очи
може да донесе нова ледена доба.
Гневот може да измести
некоја планета од орбитата
и да предизвика затемнување на сонцето.
Јас немам сили да живеам
притисната од таква голема вина.

А и кој ќе се расправа
со зелените невладини
за предизвиканата апокалипса!

## ***Рейриза***

Разбери
Премногу си приземен
за да може да те регистрира
мојата ефирна душа.
Решив
Утре се враќам на својата планета
и првото нешто што ќе го направам
е да влезам во собата за дефрагментација.
Не сакам соработниците
да му се потсмеваат на мојот систем
кој страда од симптоми на
една толку приземна работа.

Згора на тоа
и реприза
во терминот одреден за вести.

## ***Распродажба***

Колку евтино
се продава денес љубовта!
Кутрата
се претвори во банална
монета за поткусурување.
Јас тебе
Ти мене
Сè се сведува
само на триумф на плотта.

Небаре
си разменуваме
книги за читање
пред лудилото
на летните одмори.

***БУДЕЊЕ НА ДЕЦАТА***

## *Едра*

Некогаш
замаени од младоста
се наоѓавме таму
каде што се разделувавме
претходниот ден
за да го продолжиме
прекинатиот разговор
и на смеата да ѝ дотуриме
нова свежина.
Ти го имаше својот Рембо,
јас мојот Шимиќ.
Пловевме во облаците
со нашите изгризани нокти
и со крупни замави
ги вртевме белите едра
низ планетата.
И сѐ беше толку едноставно.

Денес ти ја раситни
втората половина од животот
јас само малку зад тебе
го трошам својот дел од векот.

Пак виното се смее на масата
и чашите исто одѕвонуваат,
но ликовите од сеќавањата
се накитени со белезите на времето

и одвај се наѕираат од зад маглата
напластена врз себството.
Навистина
макар малку потстемнети
и со посиромашни форми
уште ги имаме своите облаци,
уште знаеме со леснотија
да зборуваме за нашето проклетство
и да ги ишкаме суетите.

Пак се опиваме од поезијата
и од црвеното вино
(денес повеќе од виното
отколку од големите стихови)
и се обидуваме да ги закрпиме
потскинатите едра.

Но каде ни се изгубија
бродовите?

## *Непростено*

Слета како задоцнета пеперуга
на мојата завеса.
Ја исцрта линијата
на новиот живот
Ме направи дете.
А потоа се сврте
лесно допирајќи ме
со крилцата.
Твојот молк беше посилен
и од најмоќниот збор.

Дојдоа големите дождови
на есента.
Детето во мене остаре.

Непростено остана
неслученото.

## *Будење на децата*

Со еден поглед
ми ја прелажа наивноста,
со два-три збора
ја врза мојата љубов за себе.
По толку зими и лета
вечерва се трудам да ти ѕирнам
во срцето.
Малку повеќе и во своето.

На Бога ли да му се заблагодарам
за силите што ни ги дава
простум да ги врвиме линиите
на нашиот затворен круг
или себеси?

Со лица на зрели луѓе
ги будиме ноќва децата во себе
обидувајќи се да му украдеме
некој миг на животот грабливец
само за себе.

Годините минати не ги броиме
Нив Месечината ги изеде.

Ги миеме забите
Облекуваме пижами
Се подготвуваме за нова мена.

## ***Јуда***

По толку месеци
расеани низ галаксијата
еве те на мојот праг.
Ништо од минатото
нема на твојот лик
Дури ни мојата сенка
на твоето чело.
Небаре штотуку излезен
од реката на животот
чист како новороденче
искапено во мајчината крв –
стоиш простум пред мене.
Којзнае дали и петицата
ти останала сува!

Насетувам
Сокови од горчливи треви
вријат диво во твоите жили
и ја плашат светулката
што во моите коси заскитала
од летото на помин.
Мајстор си во мимикријата
но во меѓувреме
и јас подначив по нешто
од Маргарита.

На еден 26 јули реков
дека заборавот е наше проклетие,
но има работи што остануваат запишани
во секоја клетка на битието.

Некогаш слепа бев
и за поголеми нешта,
а сега naѕирам дека
во џебот го криеш среброто на Јуда
додека Јагнето Исусово
ти спие во погледот.

Непотребни се зборовите
во мигот на одлука.

## *Лавиринт*

Денови неброј истекоа меѓу типките
на мојата црна *дел* тастатура,
Недели неколку се истркалаа
меѓу едно легнување и друго станување,
Месец се стори откако те испратив со
*Ќе се видиме утре*

По кои врвици се изгуби
во кој лавиринт заталка
без враќање?
Предолго го чувам
клопчето цврсто намотано
со бабина преѓа
во стариот долап во Бориево.
Сега и молците почнаа да ме плашат.

Не си Тезеј
далеку сум од Аријадна,
Минотаурот секогаш постои.

## *Студена осама*

Застанати
среде светот студен
се гледаме како туѓинци
низ превез од недоречености
и незагатнати јадови.
Почнуваме закачки
како деца
што не им се дорадувале на игрите
па одеднаш плашливо се повлекуваме
секој во својата черупка
секој на својот брег.

Летото носи спарина
во стомаците на оловните облаци.
Воздухот е презаситен
со здив на зборови
што се мачат да се родат
со гласови
застанати на полпат во грлото
со допири гладни еден за друг
со стравови...

Ѕурам бесцелно во небото
не чекајќи ништо
освен можеби
првите јулски грмотевици,

да се заситам од завист
додека ѝ ја распараат утробата на Земјата.

И ова лето штрковите не долетаа
под нашата стреа.
Барајќи ги топлите џемпери
да ја завиткам остинатата надеж
се плашам дека и следниот јули
ќе нѐ најде овде
во светот туѓ
осамени.

## *Ослободување на солзите*

Не се решавам да подадам рака
пред лицето на денот.
Само брановите светлина
што алчно ја освојуваат нашата соба
имаат право да ја пијат
влагата од твојата кожа.

Колку е сѐ полесно ноќе!

И мојот повтеж
и твоето одбивање
и ослободувањето на солзите
кои цел ден трепереле
заробени во очните длапки.
Во мракот
тие лесно си го наоѓаат патот
и капат меко
врз моите јадосани гради.

Тивко!

Шшш...
Да не ве чуе
увото на темнината.

## ***Патишта***

Нашите патишта
дефинитивно се разминуваат
некаде пред мостот
каде што се двои стариот пат
за Бориево.

Добро, си велам
можеби е така подобро.
Но ако има постоење по животот
дај барем да се сретнеме
во една од собите на куќата
во кои сонува заробено моето детство
и таму да го продолжиме
она
што овде го почнавме
само во мислите.

За секоја раскрсница
мора да има миг
на вкрстување.

## *Песок*

По толку години
застануваме на ист пат.
Ни налегнал умор во косите
и очите станале малку потажни.
За утеха
сѐ уште гори малку жар
во црнките.

Протресуваме безначајни прашања
за стари познајници
и нови раздори
а никако да го протуркаме
низ грлото
она што ни стои со години
заглавено како Адамово јаболко.

Нема прошка.
Дозволивме безумно
толку време да ни истече
низ прстите –
небаре песок
со кој едно заиграно дете
прави замоци
на Струшката плажа.

## ***Заробеници на молкот***

Не велиме сѐ е исто
и ништо не се сменило.
Молчиме
и низ молкот сѐ си кажуваме.

Светот е зафатен
од старо-нови делбени војни
а Македонија од полудени пожари.
Тебе косата ти е подобелена
Над веѓата нова брчка се нацртала
и капнала нова тага во окото.
Ех, ми велиш со погледот
сѐ уште никој не издивнал
од својата суета.

Молчиме.
Цинизмот си го чуваме за песните.

## *Големата отсутност*

Полудени
од августовските жештини
испаруваат тревите
со тежок здив на замрена душа.
По десетминутна прошетка
се чувствувам ужасно препушена.
Но замаеноста
сосема ѝ годи
на оваа моја продуховена состојба.

Стигнувам до крајот
оттаму назад
и повторно...
Слепа сум за луѓето
и за кучињата што вршат нужда
во детските катчиња.

Во мене
само големата отсутност
што легнала меѓу нас
како спокоен океан
со тешка
темна вода.

## ***Човек***

Утре пак ќе ти дојдам
разболена од копнежи
разјадена од спомени
несвикната на далечини.

Не ишкај ме
како пиле придојденче
кога ќе се смраморам во дворот,
не сечи ме со очите мразовити.

Ако заминам сега
немам сили за нови враќања.

Ќе ги соберам пајажините од долапот
и правта од светецот ќе ја издувам,
кандилото ќе го наалам зад босилекот
и огинче ќе запалам во одајата.

Толку можам да ти ветам.

А ти не пречекувај ме со недоверба
кога ќе ти ги побарам очите,
мислите не претворај ги во планини.

Немам надеж да ги искачам
немам сокови да ги зажилам.

Дрзни се конечно
да го победиш стравот
и дозволи им на водите да потечат
збуени –
макар и грлото да крикне
макар и душата да заплаче.

Човек си
Дури потоа маж.

## *Грчбаби*

Само што помислив
дека распука пролетта
откај Водно,
еве ги –
згрчени под тешките кожуви
дојдоа затрчани трите баби
со мразулци место бастуни
и со вилици озабени
кон мојата југовина.

Распалавени за лоши игри
расфрлаат снег од пазувите
и ми ја наневаат старата болка
во зглобовите.

Да чекореше по моето беспаќе
можеби ќе ми беше малку потопло.
Вака ме подгрева само надежта
што полека остинува
во подоладеното огниште
на некое делче од душата
што тврдоглаво и божем наглуво
спие во големата одаја
на старата куќа
во Бориево.

Меѓу нас
легнала
Големата планина.

## *Еве ме*

Стојам пред тебе смраморена
чекајќи (со)милост.
Досега беше мој Исус
Отсега сѐ повеќе заличуваш
на Абраксас.
Со едната рака ми ги бришеш солзите
а со другата го галиш мечот во корицитe.
Ти го следам шепотот
предавајќи ти се неволно.
Не знам што ме чека во мракот.
Крвта ми е сѐ уште смрзната.
Телото е само обвивка
и предмет за твоите похотливи мечти.

Но еве
здивот носи југовина
и распукува долго чеканата пролет.
Со свечен замав
на вкочанетата дланка
го одмотувам повојот од телото
и застанувам пред тебе
мој богу и џелату
соголена како бреза сред зимата.

А душата?

## ***Виртуелна***

*Здраво,* ми пишуваш, *стигнав.*
*Еве ме повторно во моето гратче.*
*Но ништо не е како порано!*
*Куќите се обоиле во розово*
*Дворовите пламтат во илјадници бои*
*Дрвјата се накитиле зелено*
*Птиците песнопојки седнале на гранките*
*и ја пеат Одата на радоста.*
*Ги гледам со срце на младич*
*и дури кога доаѓам до матната река*
*сфаќам:*
*моите очи се полни со тебе!*
*Затоа буи пролет среде октомври!*

Шетам низ буквите
како низ ливада збукната
со непозната азбука.
Тешко ги подземам.
Го вртам листот од сите страни,
не можам да се откријам клекната
зад нивните линии и заоблености.
Како да читам туѓа приказна
во книга случајно дофатена
од полицата.
Пред колку години беше тоа
или векови?
И дали бев јас Таа?

Одвиката е страшна работа.
Денес е толку лесно
со компјутерските писма.
Се чукаат брзо,
со големи зборови
зад кои може да се скрие
и најнечесната намера.
Згора на тоа,
и ракописот не те издава.
Удобно си залегнат
во своето столче на тркалца
со кафето и цигарата на маса,
а и не мораш да излегуваш
да ја бараш
заборавената маалска пошта.
Затоа сега
ѕурам во белиот плик
накитен со чудни марки
прашувајќи се од која димензија ми доаѓа.
Го грицкам пенкалото
како исплашено дете пред писмена работа,
не можам да соберам сили
и доволно учтиви фрази
за да ја пополнам со нив
белината што зјае пред мене
како една од дедовите
непосеани ниви.

Утре, си велам.
И посегнувам по глувчето.

## *Грешка во гените*

Подготви се
Денес ќе блујам малку цинизам.
Последна грижа ми е
дали ќе ти оставам впечаток –
Јас не сум девојка за допаѓање.
Замисли
дури и воопшто не сум била
планирана за девојка.
Некој го утнал кројниот табак
и некако по грешка
сум се нашла во женскиот род.
Но мораш да признаеш
дека добро се снаоѓам
и во таа улога.
Не, не барам признание
Само потребната доза учтивост
и неопходната човечност
за да му бидам рамна
на самозамислениот натчовек
во тебе.

Подготви се
Слушам како надвор
цутат нарцисите.

## *Нурнување*

Густи кадели бориевска магла
ти го кријат велеградското лице
Боцкаво жбуње ти го обраснало срцето
Погледот се затворил во себе
Кожата венее како жена јаловица.
Во озонот воздивнуваат птиците
предвреме остарени
и паѓаат врз нашата студена постела.
Црниот дол клокоти подмолно
од заборавените води на летото.
А ти велиш дека изворите секнале.
Барем нешто!

Усните ти се развлекуваат
По голем напор, раѓаш збор
Гледа, срцето ти крвави
како и по секое нормално породување.
Сега си ми поблизок
за барем едно скалило,
па затоа можам да ти кажам:
Отвори ги прозорците на душата,
раздувај ги маглите
за да ти се раскрилат мислите,
раскастри ги трњето

Ќе видиш дека и не било толку тешко
да се победиш себеси.

## *Пепел*

Со еден поглед-копје
ме погоди
ме запали.
Пламнав
како сува борина.

Што ти била љубовта!

Искра
Оган
Пепел.

На крајот
и пепелта остинува.

## *Новото*

Старица сум заборавена
од времето
Седам и немеам
со побелени дланки
и коса развеана
од ветриштата на спомените.

Ѕвонењето на телефонот
се одбива од ѕидовите
и лунѕа во просторот,
полудено од тропањето на новото
на вратата
од мојата разболена душа.
Ги стискам очите
да не пуштат порој
што ќе ме поплави
ќе ме однесе.

Но уште денес
сакам да останам овде
(макар победена и самопрезрена)
со старите цртежи
на мојот Пикасо.

Се смалувам.
Зрнце сум
од афионова шишарка

кое ги чека
ветровите на есента.

Боли
кога треба да ја земеш гумичката
и да избришеш нешто старо
за новото што брза
самото да се нацрта.

### *Нов мезозоик*

Не чудете се: ова е современ мезозоик.
Сме го пропуштиле исконскиот
но во овој
со свои очи гледаме
како се создаваат
некои нови видови:
влекачи што одат исправени
внимавајќи да останат подзатскриени
зад нечија моќна сенка,
цицачи што се возат во лимузини
и повеќе го сакаат вкусот на крвта
отколку на млекото....

Којзнае каков бил претходниот
но овој мезозоик е навистина чуден,
и тоа дотолку што не личи на самиот себе.

Гледаме и не веруваме.
Но барем не ќе можеме
никого да обвиниме
дека нè излажал
менувајќи ја историјата.

## *Од перспектива на еден Адамов потомок*

Чудни животинки се луѓето
кога се гледаат одвисоко
откосо
од перспектива
на безработен гледач
Згора на тоа
полн со предрасуди
со стравови
бессилие
и што ли уште не.

Тогаш се навистина чудни луѓето.
Им застанува едната нога
во одот
им се криви главата
Напати им стежнува ’рбетот
од театрални насмевки
додека ги сончаат
жолто-црните заби
пред туѓите погледи.

Господи, се прашувам
налактена на студеното железо
шест слоја над земјата,
каков ли бил Адам
(ако воопшто постоел, де!

а Ева ич да не ја споменуваме –
таа е посебна приказна
не само поради реброто)?
Поинакви ли сме од него
и дали сме му слични
колку ронка од насушниот залак?

Тој
веројатно самозадоволен
и совршено среќен
дреме со блажено лице
на колку-толку заслужениот
пиедестал.

Ние
овде
долу
си ги чукаме главите
со прашања
што зачнуваат
горчливи сомнежи
а малку веројатни одговори.

### ***Полуден сон***

Кога сето ова ќе заврши
сигурно ќе мислам
дека само сум сонувала.

Жуборот на водата
трепетот на тополите
твојот поглед замаглен
од безумен копнеж
и последниот сончев зрак
удавен во капка вода
на зелената река

ќе бидат само прекршени слики
побегнати
од мојот полуден сон.

CIP - Каталогизација во публикација
национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

ТАНЧЕВА-Златева, Виолета

Заробеници на молкот / Виолета Танчева-Златева.
- Скопје : Ѓурѓа, 2010
(Штип : Макпромет). - 104 стр. ; 20 см
- (Библиотека Ризница)

ISBN 978-608-201-089-2

821.163.3-1

COBISS.MK-ID 82842122

Изданието е објавено со финансиска поддршка
од Министерството за култура на Република Македонија